Акционерско друштво за осигурување
ГРАВЕ
Бр. 0301-494
04.02.2019 год.
СКОПЈЕ



Врз основа на Член 22 и 287 од Законот за трговски друштва, (Сл.весник на РМ бр.28/04, 84/05,У.суд 71/06 и 25/07), основачот - акционер, Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft од Австрија, со седиште во А-8010 Грац, на ул.Херенгасе (Herrengasse) бр.18-20, на седницата одржана на ден 31.01.2019, го усвои следниот

# СТАТУТ
## (пречистен текст)
## НА
## АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
## ГРАВЕ Скопје

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој статут, како основен општ акт на **Акционерското друштво за осигурување ГРАВЕ Скопје**, со седиште на ул. "Пиринска" бр. 23 (во натамошниот текст: друштво), се уредуваат односите, функционирањето и организацијата на друштвото.

Во Статутот се содржани следните одредби:

- фирма и седиште на друштвото;
- предмет на работење на друштвото;
- основач, основна главнина и акци;
- положба, права и должности на акционерите;
- распределба на добивка и покривање на загубата;
- органи на друштвото, управување и раководење;
- уредување на односите во друштвото;
- управување со ризик;
- доверливост на податоците, деловна тајна и забрана на конкуренција;
- контрола и внатрешна ревизија;
- деловни книги и извештаи;
- објавување;
- внатрешна организација на друштвото;
- овластување за претставување, застапување и потпишување на друштвото;
- работници на друштвото;
- траење и престанок на друштвото.

### 2. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 2**

Во правниот промет друштвото работи под фирмата:

**Акционерско друштво за осигурување ГРАВЕ Скопје**

Скратениот назив на фирмата гласи:

**ГРАВЕ осигурување а.д. Скопје**

Фирмата на англиски јазик гласи:

**Stock company for insurance GRAWE Skopje**

Фирмата на германски јазик гласи:

**GRAWE VERSICHERUNG AKTIENGESELLSCHAFT SKOPJE**

**Член 3**

Седиштето на друштвото е во Скопје, на ул . "Пиринска" бр. 23.

**Член 4**

Друштвото има печат и штембил.

Големината и содржината на печатот и штембилот, како и нивната употреба се регулира со посебен акт донесен од органот на управување на друштвото.

**Член 5**

За промена на фирмата и седиштето на друштвото одлучува собранието на друштвото на предлог на Одборот на директори.

## 3. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ

**Член 6**

Согласно НКД основна дејност на друштвото е 65.11 - осигурување на живот.

Одлука за промена на предметот на работењето донесува Собранието.

**Член 7**

Друштвото во рамките на предметот на работа врши работи на осигурување на живот што подразбира склучување на сите видови долгорочни договори за осигурување на лица, кај кои се кумулираат средства за штедење или средства за покритие на зголемени ризици во подоцнежните години на осигурување, како и дополнително осигурување од несреќен случај, дополнително здравствено осигурување и осигурување на живот во врска со удели во инвестициони фондови.

**Член 8**

Друштвото за осигурување врши работи на осигурување во рамките на следниве класи на осигурување:

- осигурување на живот кое ја опфаќа класата на осигурување од Член 5 ст.1 т.19 од Законот за супервизија на осигурување;
- осигурување од последици на несреќен случај - незгода (вклучувајќи индустриски повреди и професионални заболувања), во случај на смрт или нарушување на здравјето поради повреда од Член 5 ст.1 т.1, а в.в. со Член 6 ст.2 од Законот за супервизија на осигурување,
- здравствено осигурување од Член 5.ст.1.т.2, а в.в. со Член 6 ст.2 од Законот за супервизија на осигурување.
- Осигурување на живот во врска со удели во инвестициони фондови, кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик во однос на промена на вредноста на инвестиционите купони или други хартии од вредност на инвестиционите фондови од Член 5 ст.1 т.21. а в.в. сп Член 6.ст.1т.2.од Законот за супервизија на осигурување.

Во групата осигурување на живот во рамките на класа на осигурување друштвото ќе работи согласно тарифите за осигурување на живот, тарифата за дополнително осигурување од несреќен случај, тарифата за дополнително здравствено осигурување и тарифа за осигурување на живот поврзано со инвестициони фондови.

**Член 9**

Друштвото донесува план за работа согласно Член 38 од Законот за супервизија на осигурување.

## 4. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И АКЦИИ

### 4.1. Основач

**Член 10**

Основач на Граве осигурување а.д. Скопје, е Друштвото за осигурување Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft од Австрија, со седиште во А-8010 Грац, на ул.Херенгасе (Herrengasse) бр.18-20, регистриран во Покраинскиот суд за предмети од граѓанско право во Грац, заведен во Трговскиот регистар, лист 4160, од 10.12.1991 година, со регистарски број ДВР: 0050059, заведен во Регистарот за обработка на податоци на Р.Австрија во Комисија за заштита на податоци.

### 4.2. Основна главнина

**Член 11**

Основната главнина на друштвото изнесува 3.000.000,- ЕВРА (три милиони евра) во денарска противвредност од МКД 183.998.795,00 денари

Друштвото е должно да ја одржува вредноста на основната главнина.

**Член 12**

Основната главнина на друштвото може да се зголемува со:

- влогови;
- со условно зголемување на основната главнина;
- со одобрен капитал;
- од средствата на друштвото.

**Член 13**

Основната главнина може да биде намалена со:

- намалување на номиналниот износ на еден или повеќе родови и на класи акции;
- спојување на еден или повеќе родови акции, со тоа што најмалиот номинален износ на споената акција не може да биде помал од 1,- ЕВРО;
- повлекување на сопствени и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина.

**Член 14**

Основната главнина на друштвото може да се зголемува или намалува со одлука на собранието, согласно ЗТД.

Со одлуката на собранието за намалување односно зголемување на основната главнина истовремено се определува целта, причините, како и постапката за спроведување на намалувањето односно зголемувањето.

### 4.3. Акции

**Член 15**

Акциите се хартии од вредност, во кои е претставен дел од основната главнина во која се отелотворуваат правата на акционерите кои, како сопственици на акции, не се доверители на друштвото ниту сопственици на еден дел од имотот на друштвото.

Номиналниот износ на една акција изнесува 1000,- ЕВРА, во денарска противвредност.

Основната главнина на друштвото е поделена на 3000 обични акции.

Акциите не можат да се издаваат под номиналната вредност.

Една обична акција дава право на еден глас во собранието.

**Член 16**

Акциите се издаваат, се пренесуваат и се водат во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија.

**Член 17**

Акциите се запишуваат во книга на акции на друштвото (Акционерска книга) која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма, со означување на име и презиме на акционерот, матичен број и број на лична карта односно број на пасош, државјанство, место на живеење, односно фирма и седиште за правно лице.

Во акционерската книга се запишуваат и податоци што се определени во одлуката за издавање на акции, сите оптоварувања на акциите определени со закон и со статут и забраните изречени со одлука на судот.

Промените во акционерската книга се вршат според извршениот пренос на акции со тргување на берза или според преносот извршен на друг начин согласно законот.

**Член 18**

Постапката за пренос на акции се врши согласно законот.

Сопственикот на акцијата на кому му е пренесена акцијата, со полн износ согласно законот и статутот ги има сите права и обврски како на претходниот сопственик на пренесената акција.

Индосирањето на акцијата го врши овластено лице.

Вредноста на акциите што се пренесуваат, односно оттуѓуваат се врши според пазарната вредност.

Преносот на обичните акции се смета за извршен кога истиот ќе се запише во книгата на акции.

## 5. ПОЛОЖБА, ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА АКЦИОНЕРОТ

**Член 19**

Обичните акции даваат:

- право на глас во собранието на друштвото;
- право на исплата на дел од добивка (дивиденда) и
- право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото.

**Член 20**

За акционер се смета секое лице запишано во акционерската книга на начин определен со закон.

Акционерот има право на увид во податоците запишани во акционерската книга на друштвто на начин и под услови определни со закон. Податоците од увидот можат да бидат употребени само за остварување на правата на акционерот.

## 6. РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА

**Член 21**

Добивката на друштвото се утврдува во согласност со закон.

Добивката на друштвото собранието ја распределува со одлука, по годишна сметка, врз основа на предлог за распределба од Одборот на директори и тоа на

дел за: дивиденда, општа резерва, посебна резерва за други издатоци и пренос во наредната година.

Со одлуката на собранието со која се усвојуваат финансиските извештаи и се прифаќа извештајот за работењето во претходната деловна година, истовремено се одобрува и работењето на Одборот на директори.

**Член 22**

Загубата се покрива на начин утврден со закон и со други општи акти.

За покривање на загубата одлучува собранието врз основа на предлог на Одборот на директори.

Дивидендата не се исплатува за годината во која е покажана загуба во работењето, односно не е остварена нето добивка.

## 7. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО, УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

**Член 23**

Управувањето на друштвото е организирано според едностепен систем на управување.

Органи на друштвото се: собрание и Одбор на директори.

### 7.1. Собрание

**Член 24**

Правата и обврските на собранието ги вршат неизвршните членови на Одборот на директори освен оние кои според овој статут изречно е одредено дека ги врши единствениот акционер.

Собранието своите права и обврски, ги врши на начин утврден во деловникот за работа.

Собранието на друштвото се свикува во случаи определени со закон, како и кога тоа го бараат интересите на друштвотото и на акционерот.

**Член 25**

Собранието одлучува за:

- измените на статутот;
- одобрување на годишна сметка, на финансиски извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределба на добивката;
- избор и отповикување на членови на Одбор на директори;
- одобрување на работата со водењето на работењето со друштвото на членовите на Одбор на директори ;
- промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;
- зголемувањето и намалувањето на основната главнина на друштвото;
- издавање акции и други хартии од вредност;
- назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финасиските извештаи;
- преобразбата на друштвото во друга форма на друштво, статусни промени на друштвото, како и престанување на друштвото.

**Член 26**

Со седницата на собранието претседава претседавач, кој го определува

редоследот на работата и го одржува редот на седницата.

Претседавачот со собранието се избира за секое одделно собрание. Мандатот на претседавачот трае до изборот на претседавач на наредното собрание.

Претседавачот го определува начинот на гласање на собранието.

**Член 27**

За работата на седницата на собранието се води записник чија содржина, потпишување, оверување и чување е утврдено со Закон.

**Член 28**

Одлуките на собранието влегуваат во сила и се применуваат со денот на донесувањето, освен одлуките за кои е со Закон предвидено задолжителен упис во Централниот регистар.

### 7.2. Одбор на директори

**Член 29**

Одборот на директори го сочинуваат Неизвршни и извршни членови (директори)

Одборот на директори брои (4) четири членови од кои (1) еден извршен директор и (3) три се неизвршни директори од кои еден е независен член .

Одборот на директори го избира извршниот член – извршен директор, со мнозинство гласови од членовите на Одборот на директори.

Од редот на своите неизвршни членови, одборот на директори со мнозинство на гласови избира Претседател на одборот

Мандатот на членовите на одборот трае 4 (четири) години и истиот може да се продолжува.

**Член 30**

Извршниот член има најшироки овластувања да ги врши сите работи поврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на Одборот на директори и вршењето на тековни активности на друштвото и дејствува во сите околности во името на друштвото.

Едно лице не може истовремено да биде извршен и неизвршен член на Одборот на директори.

Неизвршните членови ги имаат сите овластувања според законот, а особено право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на друштвото како и имотот, благајната, стоките и хартиите од вредност како и права и обврски определени со овој статут.

**Член 31**

Само физичко лице кое е деловно способно може да биде именувано за член на Одборот на директори.

Извршниот член има право на плата, односно месечен надомест, право на осигурување на живот и друг вид на осигурување, на надомест на патни и други трошоци и други права. За работата на извршниот член, собранието може со одлука да му одобри и учество во добивката. Правата на извршниот член на одборот на директори се уредуваат со менаџерски договор.

При определувањата на вкупните примања на извршните членови на одборот на директори (плата, учество во добивката, надомест на трошоците, надомест за осигурување и сл.) вкупните примања се сообразуваат со задачите на членот на

Одборот на директорите и со неговиот личен придонес во успешноста на работењето на друштвото и во успешноста на работењето на друштвото во целина.

Доколку по утврдувањето на примањата на извршниот член на Одборот на директори значително се влоши состојбата на Друштвото, примањата на извршниот член на Одборот на директори можат сразмерно да се намалат.

**Член 32**

Одборот на директори управува со друштвото.

Одборот на директори има најшироки овластувања да дејствува во сите околности во име на друштвото во рамките на предметот на работење, со исклучок на овластувањата кои изрично им се дадени на неизвршните членови на Одборот на директори на друштвото.

Членовите на одборот на директори се должни да ги вршат функциите во интерес на друштвото, вработените и акционерот.

**Член 33**

Во рамките на своите овластувања, Одборот на директори е надлежен да:

1. Управува и го организира работењето на друштвото
2. Ги координира и насочува активностите и дејностите во создавањето на оптимална , организациона, функционалана и структурална целина
3. Донесува планови, програми за работа и други акти освен актите што ги донесува Собранието на друштвото.
4. Подготвува предлози за собранието и ги извршува неговите одлуки, налози и сл.
5. Врши други работи согласно позитивните законски прописи и актите.

Одборот на директори, во текот на годината задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеца, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржување на редовното собрание.

**Член 34**

Одборот на директори не може да ги пренесе на извршниот член овластувањата кога се одлучува за:

1. Затворање или пренос на друштвото или негов дел што учествува со над 10% во приходот на Друштвото,
2. Промени во врска со предметот на работењето,
3. Организациски промени,
4. Создавање на долгорочни кооперации со други друштва или престанок на односот на кооперација и
5. основање или престанок на трговски друштва, подружници и претствништва

**Член 35**

Членовите на одборот на директори кои ќе извршат повреда на своите обврски, на Друштвото му одговараат за причинета штета како солидарни должници доколку спротивно на законот:

- На акционерот му го вратат она што го вложиле
- На акционерот му исплатат камата или дивиденда

- Ако запишат, стекнат, земаат во залог или ако ги повлечат акциите на друштвото
- Ако го разделат имотот на Друштвото,
- Ако вршат исплати по настапувањето на неспособност на друштвото за плаќање, односно Друштвото станало презадолжено и
- При зголемувањето на основната главнина издаваат акции спротивно на целта или издаваат акции пред акциите од претходната емисија да бидат уплатени во целост

**Член 36**

Извршниот член на Одборот на директори го застапува друштвото во односите со трети лица и е одговорен за водење на работите на Друштвото.

Извршниот член на Одборот на директори најмалку еднаш во три месеци им поднесува извештај на Неизвршните членови за своето работење.

Извршниот член по истекот на деловната година ги поднесува до неизвршните директори нацртите на годишните сметки и годишниот извештај за работењето на друштвото.

**Член 37**

Одборот на директори може да работи и да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови, од кои бројот на присутните неизвршни членови мора да биде поголем од бројот на присутните извршни членови на Одборот на директори.

Членовите на Одборот на директори можат да учествуваат и одлучуваат на состанок организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок можат да се слушаат, гледаат и разговараат еден со друг. Ваквото учество се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин.

Одборот на директори може да одлучува и без одржување на состанок ако сите членови на органот на управување дадат согласност за одлуката која се донесува без одржување на состанок. Давањето на согласноста може да биде извршено со својеачен потпис или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлог одлуката.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

Гласот на Претседателот на Одборот на директори е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

**Член 38**

Собранието може да ги отповика сите членови на Одборот на директори и пред истекот на времето за кое биле избрани.

Извршен член на Одборот на директори може во било кое време да биде отповикан од страна на Одборот на директори со мнозинство на гласови. Ако извршен член на Одборот на директори биде разрешен без наведување на причините, има право да бара надомест на штета ако тоа е утврдено во менаџерскиот договор. На отповиканиот извршен член му мирува својството на член на Одборот на директори до наредното собрание на кое ќе се одлучи дали ќе биде отповикан пред истекот на мандатот за којшто е избран

Неизвршен член може да биде разрешен во било кое време од страна на собранието на друштвото.

**Член 39**

Извршниот член на Друштвото го застапува и претставува Друштвото во односите со трети лица.

Извршниот член го организира и раководи со процесот на работа во Друштвото и е одговорен за законитоста во работата.

Во остварување на организациските, оперативните и други работи, работите за координација и насочување на активностите, извршниот член ги врши особено следните работи:

1. Ја предлага и води деловната политика
2. Го предлага планот и програмата за работа и превзема мерки за нивно извршување,
3. Раководи со процесот на работа  и работењето, непосредно или преку носители на одговорни функции на организационите делови,
4. Ги извршува одлуките на органите на управување,
5. Ја предлага организацијата на друштвото,
6. Поднесува извештаи за резултатите со анализа за остварените резултаи,
7. Ги избира, распоредува, разрешува работниците носители на посебни функции и овластувања и ја одредува платата и наградите за нив,
8. Врши избор за прием, за распоредување и за престанок на работата на работниците на работните места, во согласност со законот, актите и потребите на друштвото,
9. Одлучува за кршење на работната дисциплина, повреди на работните обврски и одговорноста на работниците во согласност со актите и законот,

6. Ги подготвува сите неопходни документи и известувања за да го овозможи надзорот над работењето на друштвото
7. Изготвува предлози и нацрти на одлуки и други општи и поединечни акти од негова надлежност
8. Ги изготвува нацртите за годишнит сметки, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето и му ги поднесува на Собранието на друштвото.

10. Донесува планови, програми за работа и сите општи акти,
11. Врши други работи определени со закон, овој статут и другите акти.“

## 8. УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО ДРУШТВОТО

**Член 40**

Односите во друштвото се уредуваат со овој статут, правилниците и со одлуките со кои се уредуваат општи прашања.

Собранието и органот на управување  може да донесуваат деловници со кои ќе го уредат начинот на своето работење и решавање, како и други општи акти.

Работните односи, платите и другите права од работниот однос се уредуваат со правилници и колективен договор кој ги донесува односно склучува органот на управување.

**Член 41**

Овој статут е основен акт на друштвото.

Другите акти на друштвото мора да бидат во согласност со овој статут.

Одредбите на другите акти кои се во спротивност со овој статут не може да се применуваат.

Измените и дополнувања на актите на друштвото се вршат на начин и постапка според која биле донесени.

**Член 42**

Актите на друштвото влегуваат во сила со донесувањето, освен ако со актот не е поинаку определено.

Толкување на актот на друштвото дава органот што го донел актот.

## 9. РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 43**

Работите на осигурување, друштвото ги врши во свое име и за своја сметка, може да ги врши во свое име и за туѓа сметка, во име и за сметка на трети лица, односно да посредува во вршењето на тие работи.

За обврските од договорот за осигурување, друштвото одговара со целкупниот свој имот.

Своето работење друштвото го засновува на принципите на економичност, ликвидност и сигурност.

## 10. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

### 10.1. Управување со ризик

**Член 44**

Друштвото е должно во секое време да располага со соодветен капитал во однос на работата и класите во рамките на кои врши работи на осигурување, како и ризиците на кои е изложено при вршење на тие работи, ненадминувајќи ги ограничувањата согласно Законот.

Друштвото е должно да работи на начин кој ќе овозможи, во секое време да ги намири постигнатите долгови (ликвидност), како и редовно да ги покрива сите свои обврски (солвентност).

### 10.2. Гарантен фонд

**Член 45**

Гарантниот фонд претставува една третина од потребното ниво на маргината на солвентност, кој не смее да биде понизок од лимитите утврдени со методологијата утврдена согласно Законот за супервизија на осигурување.

**Член 45-а**

Друштвото може да формира посебна резерва која ќе биде наменета исклучиво за зголемување на акционерскиот капитал.

### 10.3. Премии на осигурување

**Член 46**

Премијата за осигурување на живот се состои од:

- дел од премија на име математичка резерва штеден дел,
- дел од премија на име ризико дел и

- дел од премија на име трошоци за работење на друштвото.

**Член 47**

Согласно Законот за супервизија на осигурување, друштвото издвојува математичката резерва во висина на сегашната вредност на проценетите идни обврски на друштвото кои произлегуваат од договорите за осигурување, намалени за сегашната вредност на идните премии кои треба да се платат врз основа на тие договори.

Начинот на пресметување на математичката резерва детално ќе се опише во Правилник за формирање и начин на пресметување на математичка резерва и Правилник за издвојување на математичка резерва.

**Член 48**

Друштвото издвојува средства за покривање на технички резерви кои служат за покривање на идните обврски на друштвото за осигурување кои произлегуваат од договорите за осигурување, како и можните загуби во однос на оние ризици поврзани со вршење на работи на осигурување за кои друштвото за осигурување е должно да издвои средства за технички резерви.

Друштвото издвојува средства за покривање на математичката резерва. Средствата кои ја покриваат математичката резерва се оние средства кои ги покриваат техничките резерви, планирани за покривање на обврските на друштвото за осигурување кои настануваат од оние класи на осигурување за кои треба да се издвои математичка резерва.

## 11. ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИ, ДЕЛОВНА ТАЈНА И ЗАБРАНА НА КОНКУРЕНЦИЈА

### 11.1. Доверливост на податоци

**Член 49**

Друштвото е должно сите податоци за осигурениците или други корисници на осигурување со кои се стекнале во текот на вршењето на работи на осигурување, да ги третираат како доверливи податоци.

Членовите на органот на управување, акционерот, вработените и други лица во друштвото, кои при работењето имаат пристап до доверливи податоци, или на било кој начин ќе дознаат некоја деловна тајна, истите не смеат да ги пренесуваат на трети лица, самите да ги употребат или пак да дозволат трети лица да ги употребат.

Обврската за чување на доверливи податоци нема да се применува во случаи утврдени согласно Член 108 ст.2 од Законот за супервизија на осигурувањето.

**Член 50**

Друштвото има обврска да прибира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се потребни при склучување на договорите за осигурување, во согласност со Законот за заштита на личните податоци и со посебни прописи кои се однесуваат на базата на податоци од областа на осигурувањето на начин утврден во Член 109 од Законот за супервизија на осигурувањето.

### 11.2. Деловна тајна

**Член 51**

Сите членови на Одборот на директори, работниците со посебни овластувања и одговорности и вработените, должни се како деловна тајна да ги чуваат сите

известувања и податоци што се однесуваат на работењето на друштвото, а кои ги добиле и кои се прогласени како деловна тајна.

Членовите на Одборот на директори, директорот и вработените должни се да ги чуваат како деловна тајна сите доверливи податоци што се однесуваат на работењето на друштвото, дури и по престанокот на мандатот.

**Член 52**

За деловна тајна се сметаат:

- сите исправи кои надлежниот орган ќе ги прогласи за деловна тајна;
- податоци утврдени со закон, други прописи, статут или друг општ акт на друштвото;
- сите податоци кои не се јавно објавени или кои не се јавно заштитени;
- податоци од посебно општествено-економско значење;
- техничко-технолошки решенија, истражувања и пронајдоци, патенти и лиценци;
- план за техничко обезбедување на објектите и имотот на друштвото.

**Член 53**

Неовластено соопштување на деловна тајна претставува тешка повреда на работната обврска.

Должноста за чување на деловна тајна трае 5 години по престанувањето на работниот однос на работникот во друштвото, односно од престанокот на друштвото.

### 11.3. Забрана на конкуренција

**Член 54**

Согласно со начелото на забрана на конкуренција, извршните членови на Одборот на директори како и вработените во друштвото не смеат без известување и добивање дозвола од Одбор на директори да вршат било каква дејност или активност во друго друштво, платен или не, за сопствена сметка или за сметка на друго лице.

Собранието на друштвото мора да биде известено за дадените одобренија.

**Член 55**

Во случај на прекршување на забраната од претходниот член, друштвото може да бара надомест на штета или од сторителот на прекршокот да бара работите направени за негова сметка да се водат за сметка на друштвото и да го предаде добиениот надомест за работите направени за туѓа сметка или да го отстапи своето право на надомест во корист на друштвото.

**Член 56**

Со начело на забрана на конкуренцијата мораат да бидат запознаени сите членови на органите на друштвото како и вработените, од моментот на вклучувањето во структурите на друштвото.

## 12. КОНТРОЛА, НАДЗОР И РЕВИЗИЈА НА ДРУШТВОТО

### 12.1. Овластен актур

**Член 57**

Овластениот актуар е независен и самостоен во вршењето на работата и одговара за точноста на утврдените дејствија.

Овластениот актуар ја потврдува усогласеноста на податоците во годишните сметки со осигурителните сметководни стандарди и правилноста на пресметките во годишните сметки во однос на формирањето на техничките резерви и други резерви на друштвото.

Овластениот актуар е должен да провери дали премиите и техничките резерви се пресметани во согласност со одредбите на Законот за супервизија на осигурувањето и на начин кој ќе овозможи долгорочно исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување од страна на друштвото.

За превземените дејствија овластениот актуар издава потврда која ја поднесува до друштвото и до Агенцијата за супервизија на осигурување во првите три месеци од тековната година за изминатата година.

Членовите на Одбор на директори се должни да му ги обезбедат потребните податоци за вршење на работите предвидени во ст.2 и 3 на овој член.“

**Член 58**

Надзор на законитоста во работењето на друштвото врши Агенцијата за супервизија на осигурување, согласно Законот за супервизија на осигурување.

### 12.2. Внатрешен надзор и ревизија

**Член 59**

Друштвото е должно да организира служба за внатрешен надзор и ревизија, која врши постојана и целосна контрола на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на друштвото, согласно законот.

Согласно Законот за супревизија на осигурување, за вршење на работите на внатрешната ревизија, друштвото за осигурување е должно да вработи најмалку еден овластен ревизор согласно со Законот за ревизија.

## 13. ДЕЛОВНИ КНИГИ

**Член 60**

Друштвото е должно да води трговски книги и да изготвува годишни извештаи, да составува сметководствени документи, да ги вреднува ставките во деловните биланси и годишните сметки и да ја известува јавноста за податоците од годишните извештаи, согласно законските одредби и овој статут.

## 14. ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

**Член 61**

Друштвото ги објавува ревидираните годишни сметки и финансиски извештаи за работењето во дневен весник, Службен весник на РМ и на сите сајтови на Македонската берза за хартии од вредност кои се на интернет.

## 15. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

**Член 62**

Друштвото своето работење го обавува преку организациони делови-единици чиј број, назив, обем и вид на функциите што во нив ќе се одвива се определува со актите и внатрешната организација на друштвото.

Одлука за формирање и промена на организационата структура на друштвото донесува извршниот член на Одбор на директори со претходно одобрение од Одборот на директори.

## 16. ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПРЕТСТАВУВАЊЕ, ЗАСТАПУВАЊЕ И ПОТПИШУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 63**

Извршниот член - Директорот го застапува и претставува друштвото во односите со трети лица, неограничено.

Друштвото го потпишува извршен член – директор.

Раководните лица го застапуваат друштвото во рамките на делокругот на работи кои им се доверени.

Лицата со посебни овластувања и одговорности го потпишуваат друштвото во рамките на работите кои им се доверени.

## 17. РАБОТНИЦИ НА ДРУШТВОТО

**Член 64**

Вработените во друштвото ги остваруваат своите права, обврски и одговорности од работниот однос врз основа на Закон, Договор за вработување, Колективен договор и општите акти на друштвото.

## 18. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

**Член 65**

Статутот се менува со одлука за измена на статутот.

Постапка за измена на статутот може да покренат Одбор на директори и единствениот акционер. Иницијативата во форма на амандмани се доставува до Одборот на директори.

Предлог-одлуката за измена на статутот во која што се наведени предложените измени, без разлика на тоа кој ја дал иницијативата, ја утврдува органот на управување. Утврдената предлог-одлука за измена на статутот мора да биде образложена.

**Член 66**

Одлуката за измена на статутот ја донесува собранието.

Одлуката за измена на статутот се усвојува со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

Собранието со одлука за измена на статутот го овластува Одбор на директори да подготви пречистен текст на статутот во кој што се внесуваат измените извршени со одлуката за измена на статутот како и одредбите од одлуките кои имаат карактер на одлука за измена на статут утврдени со овој закон.

**Член 67**

Измената на статутот влегува во сила со денот на донесувањето на одлуката за измена на статутот, освен ако со одлуката за измена на статутот не е определен друг датум на влегување во сила.

## 19. ТРАЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

**Член 68**

Друштвото се основа на неопределено време.

**Член 69**

Друштвото престанува:

- со одлука на собранието за престанување на друштвото;
- со правосилна одлука на судот се утврди ништавност на друштвото и на уписот на друштвото во Централниот регистар;
- со присоединување, со спојување или со поделба на друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со превземање;
- поради одземање на дозволата за работа од надлежен орган;
- ако му е изречена мерка збрана за вршење на дејност поради неисполнување на одредени услови во предвиден рок;
- стечај;
- со престанување на постоење на правното лице-основач на друштвото, освен ако во стечајна постапка акциите ги превземе друго лице и
- во други случаи предвидени со Закон.

## 20. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 70**

Овој статут стапува на сила со денот на уписот на друштвото за осигурување во трговскиот регистар.

Со уписот на друштвото во трговскиот регистар, Акционерското друштво за осигурување ГРАВЕ Скопје се стекнува со својство на правно лице.

**Член 71**

Прописите на друштвото предвивдени во овој статут ќе се донесат во рок од три месеци по уписот на друштвото во трговскиот регистар.

**Член 72**

Се што не е предвидено со овој статут, ќе важат одредбите од Законот за трговски друштва и Законот за супервизија на осигурување.

Претседавач на Собрание
Полномошник

Елизабета Божиновска

Акционерско друштво
за осигурување
ГРАВЕ
СКОПЈЕ